Државен завод
за статистика

80 години

# Проектни активности во ДЗС

## Јануари – март 2025 година

БИЛТЕН
за активности од проекти

Скопје, 2025 година

Во првиот квартал од 2025 година, во рамките на проектот „Статистиката на Северна Македонија во согласност со потребите на корисниците и европските барања 2024 – 2027“, беа реализирани повеќе активности и мисии насочени кон зајакнување на капацитетите, унапредување на внатрешната организација и модернизација на статистичката продукција. Следат кратки прегледи на спроведените состаноци и обуки:

## Студиска посета во Солна, Шведска – Стратегиски менаџмент

Во периодот од 21 до 23 јануари 2025 година се одржа студиска посета во Солна, Шведска.

Главна цел на оваа мисија беше добивање увид и инспирација за развој на нова организациска структура на Државниот завод за статистика (ДЗС), со јасно дефинирани улоги и одговорности, како и ажурирани описи на работните места што ќе овозможат поголема флексибилност и хоризонтална интеграција на кадарот. Посетата опфати и активности поврзани со планирање на следните чекори за воспоставување систем за внатрешна комуникација и систем за планирање и следење заснован на статистички активности. Учесниците имаа можност да се запознаат со искуствата на Заводот за статистика на Шведска (SCB) преку презентации и работни средби со нивни менаџери и вработени.

## Мисија за внатрешна комуникација

Во период од 10 до 14 февруари 2025 година во Скопје се одржа мисија посветена на унапредување на внатрешната комуникација и подготовка за нова верзија на интранетот.

Главна цел беше финализирање на насоките за внатрешна комуникација во ДЗС – како да се комуницира внатрешно (канали, улоги, тајминг), со фокус на три клучни канали: интранет, е-пошта и состаноци. Во рамките на мисијата беше подготвен и нацрт-план за активности поврзани со модернизирање на интранетот, кој покрај информативна улога, ќе служи и како платформа за документирање процеси и материјали потребни за Партнерското оценување во 2027 година. Мисијата беше спроведена преку работни состаноци со експертот и вработените, со цел дефинирање на следните чекори за унапредување на интерната комуникација и дигиталната инфраструктура во ДЗС.

## Мисија за систем за планирање и мониторинг

Во период од 3 до 7 март 2025 година во Скопје се одржа мисија посветена на планирањето и следењето на статистичките податоци.

Главна цел беше валидација на годишниот оперативен план за 2025 година, продолжување на имплементацијата на системот MAKPLAN, како и започнување анализа на извештаи базирани на податоци. Фокусот беше ставен на развој на инструментот за

за активности БИЛТЕН по проекти

извештаи, следните чекори за модулот за евиденција на работно време, како и интеграција на планот за внатрешна комуникација. Мисијата беше реализирана преку работни средби со тимот за планирање на ДЗС, при што беа дефинирани идните активности поврзани со организирањето на процесот на планирање и следење во рамките на редовната работа на институцијата. Развојот на овој систем претставува клучен чекор за воведување управување кое е ефикасно и базирано на податоци и ќе овозможи подобра алокација на ресурсите, навремено следење на резултатите и стратегиско одлучување засновано на докази.

Во првиот квартал од 2025 година, во рамките на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиката за животната средина и здравствените статистики“, финансиран од ЕУ, беа спроведени неколку активности за јакнење на капацитетите и усогласување со европските стандарди. Проектот го реализираат ДЗС и ISTAT, во соработка со италијански партнери. Во продолжение следат прегледи на реализираните состаноци и мисии:

## Состанок на Управниот комитет на твининг-проектот за статистика за животна средина и здравство

На 5 февруари 2025 година, во просториите на ДЗС се одржа првиот состанок на Управниот комитет на твининг-проектот. На состанокот, кој се одржа во хибриден формат, беа презентирани Првиот квартален извештај и Првиот работен план, изготвен врз основа на иницијалната проценка на состојбата. Присутните партнери ја истакнаа важноста на успешниот почеток на проектот и меѓусебната соработка заснована на експертиза и искуство.

## Мисија за Европската анкета за здравство (EHIS)

Во периодот од 5 до 7 март 2025 година, во ДЗС се одржа првата мисија во рамки на Компонента 2 од проектот, посветена на подготовка на Европската анкета за здравство (EHIS). Фокусот беше ставен на методологијата, дизајнот на примерокот и приспособување на прашалникот според националните потреби. Експерти од ISTAT, ДЗС и Институтот за јавно здравје заеднички ги анализираа информациските барања и утврдија основа за следните активности во процесот на подготовка и спроведување на EHIS.

## Мисија за подобрување на примерочната рамка за EHIS

Од 17 до 21 март 2025 година, во ДЗС се одржа втората мисија во рамките на Компонента 2, насочена кон подобрување на примерочната рамка за EHIS. Со поддршка од експерт од Заводот за статистика на Словенија, беа разгледани административните извори, квалитетот на постојната примерочна рамка и примената на методологијата „знаци на живот“. Беа дефинирани чекори за воспоставување Регистар на статистичко население, кој ќе служи како основа за идни истражувања од типот на анкети на домаќинствата.

Во рамки на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2022, во текот на 2025 година беа реализирани неколку експертски мисии и студиски посети во

соработка со европски заводи за статистика. Овие активности беа насочени кон унапредување на статистичките процеси, зголемување на усогласеноста со европските стандарди и зајакнување на капацитетите на Државниот завод за статистика. Во продолжение следи краток преглед на реализираните мисии и консултации:

## Методологија на национални сметки

Од 03 до 07 февруари 2025 година се одржа првата експертска мисија во областа на методологијата на национални сметки во ДЗС. Експертската мисија, предводена од Хелена Хужвичкова, имаше за цел да ја процени состојбата на националните сметки, особено во однос на усогласеноста со Европскиот систем на сметки (ESA 2010) и исполнувањето на предусловите за пристапување.

Главни точки на дискусија беа ревизијата на податоците, примената на ESA 2010, описот на извори и методи, пресметките поврзани со вработеност, недвижности и потрошувачка на фиксниот капитал, како и подготовката на GNI-инвентарот. Идентификувани се клучни недостатоци како застарени методи, несоодветна обработка на податоци од последниот попис на становите и недоволно кадровски капацитети. Како приоритети за понатамошна работа се утврдени подобрување на пресметките за вработеност и станови, подготовка на GNI-инвентарот и обнова на описот на извори и методи.

Донесен е детален работен план со предлог-мерки и буџет, а сите подобрувања ќе бидат интегрирани во големата ревизија на националните сметки планирана за септември 2026 година. Оваа мисија претставува важен чекор кон унапредување на квалитетот, транспарентноста и усогласеноста на македонските статистики со стандардите на ЕУ.

## Експертска мисија за подобрување на извештаите за квалитет и метаподатоци во Статистичкиот деловен регистар

Во период од 3 до 6 март 2025 година се одржа експертска мисија во ДЗС посветена на извештаи за квалитет и референтни метаподатоци во статистичкиот регистар на субјекти. Експертите од Заводот за статистика на Чешка, Михал Чигаш и Марта Прихода-Ернстова, споделија искуства за пополнувањето на извештајот за квалитет, начините за обезбедување податоци за вработените по локални единици и имплементацијата на новата ревизија на НКД. Беше презентиран и чешкиот пристап за ажурирање на податоците за групации на претпријатија во EGR. Мисијата резултира со конкретни насоки и препораки за унапредување на националниот регистар, вклучувајќи и можности за користење на GLEIF-податоци, подобрување на постојните променливи и подготовка на национален извештај за метаподатоци.

## Експертска мисија за воведување на CAPI во истражувањето за приходите и условите за живеење (EU-SILC)

Во период од 25 до 27 март 2025 година се реализира третата експертска мисија во Државниот завод за статистика. Целта на мисијата беше подготовка на електронски прашалник во Survey Solutions за истражувањето EU-SILC за 2025 година и премин од хартиена анкета (PAPI) кон електронска анкета (CAPI). Заедно со експертите од Заводот за статистика на Чешка беа подготвени сите три видови прашалници – регистарски, за домаќинство и за поединци, со дефинирани логички контроли и нови прашања за подобрено следење на анкетирањето. Преку практични демонстрации беа опфатени: модулите за управување со случаи, користење претходно пополнети податоци, создавање нови домаќинства и обука за трасирање. Мисијата резултира со финална верзија на прашалникот, подготвен за теренска примена во 2025 година, како и со јасни препораки за обука на супервизори и анкетари, проверка на рутирањето прашања и пренос на податоци за понатамошна обработка.

## Експертска студиска посета за воведување и подготовка на Индексот на трошоците за труд (LCI)

Во периодот од 30 март до 03 април 2025 година се реализира тридневна експертска студиска посета во Рим, Италија. Посетата беше организирана од страна на Државниот завод за статистика, со цел размена на искуства и подготовка за воведување на Индексот на трошоците за труд (LCI).

Целта на студиската посета беше да се обезбеди методолошка поддршка за прибирање и обработка на административни извори кои ќе се користат за составување на делот од трошоците за труд поврзани со платите и надвор од платите. Исто така, беше истражена можноста за мерење на бројот на обработени часови, при што се потенцира користењето податоци од деловни извори.

Во текот на посетата, експертите од Државниот завод за статистика разменуваа искуства со италијанските колеги за подготовка на електронски прашалници, пресметка на индикаторите за LCI, како и за креирање сетови на податоци за трансмисија и изработка на извештаи за квалитет според шаблоните на Евростат. Дополнително, се дискутираше за методите за календарирање и сезонско приспособување на податоците.

Резултатите од студиската посета се од основно значење за понатамошна имплементација на LCI во нашата земја, со што се очекува да се подобрат квалитетот и релевантноста на статистичките податоци поврзани со пазарот на труд, во согласност со европските регулативи.